Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на дел од дневни настани 29.12.2023

На 28.12.2023 во 22.15 часот на ул.„Шералти" во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода У.К.(36) од с.Грашница, битолско. Тој бил осуден на казна затвор во траење од три години за сторено кривично дело по член 215 од Кривичниот законик – „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори, а бил баран по централна потерница врз основа на наредба од Казнено – поправната установа Затвор Битола за доиздржување на една година и седум месеци од казната. Лицето било спроведено во казнено – поправната установа за доиздржување на казната.

На 28.12.2023 околу 18.40 часот на улица „Илинденска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го привеле 35-годишниот тетовец И.Р. во чиј локал било пронајдени и одземени околу 600 парчиња различни пиротехнички средства. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.12.2023 во 13.45 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Љ.К.(53) од Штип затоа што кај него била пронајдена и одземена кафеава прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (29.12.2023) во 00.10 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Б.(24) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (29.12.2023) во 05.30 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.А.(19) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 28.12.2023 во 20.40 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Р.(34) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 28.12.2023 околу 20.00 часот во селото Мислешево, струшко, полициски службеници од ОВР Струга го лишиле од слобода Е.Б.(45) од струшкото село Лабуништа. При преглед во патничко возило „опел зафира" со струшки регистарски ознаки, кое го управувал, била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.12.2023 во 23.45 часот на ул.„Јадранска Магистрала" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Т.(29) од Прилеп затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 28.12.2023 во 23.10 часот на клучката Стајковци, скопско, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода U.X.(42) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 28.12.2023 во 21.15 часот на улица „Партизанска" во Струга, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога и оружје при ОВР Струга го лишиле од слобода Е.В.(19) од Струга затоа што кај него бил пронајден и одземен пиштол „Екол" калибар 9 милиметри. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.12.2023 во 11.40 часот во ОВР Прилеп било пријавено дека на локација помеѓу с.Алинци и с.Тополчани, прилепско, биле пронајдени една артилериска граната Ф150 мм и една запалка за артилериска граната Ф150мм од Прва светска војна од германско производство. Пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување ги подигнал гранатата и запалката за понатамошна постапка, а увид извршила екипа од ОВР Прилеп.

На 28.12.2023 во 09.00 часот на Граничниот премин „Долно Блаце", полициски службеници го привеле Б.Б.(35) од Република Турција затоа што при пасошка контрола било констатирано дека го пречекорил престојот во државата. Тој бил предаден на полициски службеници за понатамошна постапка.

На 28.12.2023 во 11.12 часот во СВР Тетово било пријавено дека на автопатот Скопје – Тетово, патничко моторно возило „форд фиеста" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Т.А.(61) од с.Копанце, тетовско, излетало надвор од коловозот. Во несреќата возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово.

На 28.12.2023 во 09.40 часот во Полициската станица Драчево, Ј.Р.(40) од Скопје пријавил дека на ул.„Иван Хаџи Николов" бил каснат од куче скитник.

На 28.12.2023 во 12.35 часот во Полициската станица Аеродром, Г.К.(18) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ" бил каснат од куче скитник.

На 28.12.2023 во 20.50 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, С.К.(23) од Скопје пријавил дека на ул.„Лука Ѓеров" бил каснат од куче скитник.

На 28.12.2023 во 16.00 часот во струшкото село Подгорци, полициски службеници од ОВР Струга ја лишиле од слобода Ѓ.И.(56) од истото село. При претрес во нејзиниот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени 4.100 парчиња разновидни пиротехнички средства. По целосно документирање на настанот, против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.12.2023 околу 12.45 часот на улица „Маршал Тито" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го привеле 49-годишниот тетовец А.А. затоа што кај него биле пронајдени и одземени повеќе парчиња различни пиротехнички средства. Се расчистува и документира случајот и против А.А. ќе следува соодветен поднесок.

На 29.12.2023, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица извршиле контрола на повеќе угостителски објекти на подрачје на Струмица. Притоа, во два угостителски објект било констатирано присуство на малолетници после 24.00 часот. По документирање на настаните ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 28.12.2023 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 26 прекршоци од кои 20 надвор од населено место и 6 во населено место. Санкционирани биле и 11 други видови на прекршоци од кои 1 за нерегистрирано возило, 3 за управување возило без возачка дозвола, 2 за некористење сигурносен појас и 5 за непропишано паркирање.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против М.Г.(40) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 17.12.2023 во Скопје, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против А.И.(54) од Радовиш поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје и експлозивни материи". На 26.12.2023 во село Банско, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле 5.890 парчиња различни пиротехнички средства.

На 28.12.2023 во 11.50 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека на ул.„Стево Теодосиевски" во Кочани, А.Н. (24) од Кочани отворајќи ја вратата од своето паркирано патничко моторно возило „фолксваген пасат", ја турнал М.М.(73) од Кочани. М.М. се здобила со тешки телесни повреди констатирани во Општата болница Кочани. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кочани.

На 28.12.2023 во 14.28 часот во СВР Штип било пријавено дека Ј.М.(23) од Берово се здобил со тешки телесни повреди при извршување работни задачи во Берово за фирма од с.Ратево, беровско. Лицето било пренесено во Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје за укажување помош, а увид на местото извршила екипа на ОВР Берово. Се работи на расчистување на случајот.

На 28.12.2023 околу 06.00 часот во СВР Битола било пријавено дека на ул„Стрежево" во населба Горно Оризари настанал пожар во гаража од куќа, сопственост на Б.Ц.(75) од Битола. Во пожарот, од здобиените повреди починал сопственикот Б.Ц., а смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош Битола, додека неговата сопруга М.Ц. била пренесена во Општа болница Битола каде било констатирано труење со јаглерод моноксид. Увид на местоо извршиле екипа на СВР Битола и јавен обвинител, по чија наредба телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 28.12.2023 во 12.33 часот во СВР Битола, од Клиничка болница Битола било пријавено дека кај нив во безсознание бил донесен С.С.(44) од с.Новаци, битолско, кој во 12.45 часот починал, а смрт констатирал лекар од болницата. Според пријавеното, тој бил најден во безсознание при извршување работни задачи за приватна фирма во РЕК Битола. Увид извршила екипа на СВР Битола, а по наредба на јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 28.12.2023 во 18.50 часот на подрачјето на Драчево, полициски службеници од Полициската станица Драчево го лишиле од слобода М.Т.(39) од Скопје затоа што на 27.12.2023 физички ја нападнал својата 34 - годишна партнерка. По целосно документирање на случајот, ќе следува соодветен поднесок.

На 28.12.2023 во 15.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.Ш.(64) и С.Л.(33), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 28.12.2023 во ОВР Кичево, Ф.З.(61) од кичевското село Трапчин Дол пријавил дека на улицата „Димитар Влахов" во Кичево бил каснат од куче скитник. Истиот ден, С.А. (54) пријавил дека на Железничката станица во Кичево бил каснат од куче скитник.

На 28.12.2023 во 17.40 часот во Полициската станица Драчево, М.К.(32) од Скопје пријавил дека на ул.„Иван Хаџи Николов" бил каснат од куче скитник.

На 28.12.2023 во 20.00 часот во Полициската станица Драчево, Г.Д.(38) од Скопје пријавил дека на ул.„Живко Фирфов" бил каснат од куче скитник.